Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

## Извадок на дел од дневните настани 28.07.2024

Денеска (28.07.2024) во 02.00 часот на локалниот пат во с.Камењане, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане го лишиле од слобода А.М.(35) од с.Раven, гостиварско. При прегледа во возилото во кое се превезувал, кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (28.07.2024) во 02.30 часот на бул.„Ослободување" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода С.А.(20) од Швајцарија, со престо во село Дебреше, гостиварско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.07.2024 во 01.00 часот во хотел во Ново Дојран, полициски службеници ги лишиле од слобода М.С.(41) и М.С.(31) двајцата од Грција, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела грутеста материја, пари и мобилен телефон. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

Денеска (28.07.2024) во 00.25 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.И.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.07.2024 во 21.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.К.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.07.2204 во 22.00 часот во Скопје, на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Т.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.07.2024 во 23.00 часот на влез во с.Бојане, општина Сарај, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ц.У.(24) од с.Желино, тетовско. При преглед на патничко возило „фолксваген поло" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени марихуана, метална дробилка и нож. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 27.07.2024 во 23.20 часот на паркинг простор кај Градскиот стадион во Виница, полициски службеници од ОВР Винница ги лишиле од слобода Е.Ј.(19) и Б.М.(18), двајцата од Штип, затоа што до патничко возило „фолксваген голф" со штипски регистарски ознаки, кое го управувал Б.М., била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.07.2024 во 12.00 часот во СВР Велес било приајавено дека во куќа во Градско, градежни работници кои извршуваат градежни работи пронашле рачна бомба. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување безбедно ја подигнал бомбата.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (27.07.2024) продолжи со контроните во областа на сообраќајот. На територијата на градот Скопје изречени се вкупно 123 мерки, меѓу кои за непочитување на бројната на движење 37 санкции, за возење без возачка дозвола 12 мерки, 11 санкции за управување со пијано под дејство на алкохол, шест мерки за минување на затворен сигнал – црвено светло...

На 27.07.2024 во 18.10 часот во СВР Битола било приајавено дека на ул.„Климент Охридски" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл со битолски регистарски ознаки, управуван од Г.Ч.(48) и велосипед управуван од Љ.А.(75), двајцата од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Г.Ч. констатирани во Клиничка болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 27.07.2024 во 10.00 часот во Полициската станица Гостивар било приајавено дека на регионалниот пат Гостивар - с.Градец, гостиварско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со германски национални ознаки, управувано од Л.А.(32) од с.Градец и мотоцикл без регистрациски ознаки, управуван од Д.С.(25) од с.Боговиње, тетовско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Клиничка болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Гостивар. .

На 27.07.2024 во 11.05 часот во СВР Куманово било приајавено дека на крстосница од ул.„Горче Петров" и ул.„620" во Куманово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо" со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(39) и мотоцикл „сузуки" со кумановски регистарски ознаки, управуван од Д.Д.( 50), двајцата од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Ургентен центар Куманово. Извршен бил увид од увидна екипаод СВР Куманово.

На 27.07.2024 во 19.10 часот во ОВР Струга било приајавено дека на крстосница од регионален пат Р1201 со регионален пат Р2240, пред село Вевчани, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со регистарски регистарски ознаки, управувано од Р.Р.(76) од с.Велебрдо, општина Маврово и Ростуше и патничко возило „смарт" со струшки регистарски ознаки, управувано од А.К.(52) од с.Велеште, струшко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот А.К. и неговата сопатничка Ф.К.(46) од село Велешта, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Додека возачот Р.Р. се здобил со телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар Струга. Извршен бил увид од ОВР Струга.

Денеска (28.07.2024) во 03.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Г.Ѓ.(52) од Скопје пријавил дека на крстосница на бул.„Александар Македонски" со ул.„Интернационални бригади" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 27.07.2024 во 15.30 часот во во Полициската станица Гази Баба, Е.В.(40) од с.Дељадровци, општина Илинден, пријавила дека на ул.„Финска" во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 28.07.2024 во 03.00 часот во ноќен клуб на булеварот „Железничка" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид,го лишиле од слобода М.К.(28) од Охрид. Тој бил затекнат при користење бела прашкаста материја, која се обидел да ја фрли откако ги забележал полициските службеници, по што и физички им се спротивставил. Прашкастата материја била пронајдена и по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.07.2024 во 12.30 часот во гостиварска Горна Бањица, полициски службеници од СВР Тетово и ОВР Гостивар го лишиле од слобода Б.М.(46) од Горна Бањица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени патни исправи, лични карти и други документи на повеќе лица за кои постои сомнение дека се фалсифицирани. Исто така, Б.М. бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна и бил спроведен во Казнено – поправната установа Затвор Тетово. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.07.2024 во Велес, полициски службеници од Одделението за криминалистичка полиција при СВР Велес го лишиле од слобода М.К.(39) од Кавадарци. Имено, по претходни оперативни сознанија presemени се во пронаоѓање и фаќање на сторителот на кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Околу 21.00 часот во Велес, полициски службеници даде знак за запирање на патничко возило „бмат пунто" со валандовски регистарски ознаки, во кое биле три лица и кои во тој момент го напуштиле возилото. Откако не застанале на дадена наредба, полициски службеник од службен пиштол испукал еден предупредувачки куршум во воздух, по што М.К. бил фатен и кај него било пронајдено и одземено поголемо најлонско пакувачко со зелена тревиста материја. М.К. бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.07.2024 во 03.00 часот, полициски службеници од полициското одделение во кичевското село Зајас го лишиле од слобода Б.У.(46) од кичевското село Бачишта, на привремена работа во Австрија. Тој, претходно, на семејна веселба во истото село неовластено испукал повеќе куршуми од пиштол „Снит и Весон", сопственост на неговиот татко Р.У.(64) од истото село, кој го посредувал со дозвола. Притоа, Е.Е.(33), М.Р.(57) и една малолетнинка, сите од селото Бачишта, кои биле на веселбата, се здобиле со повреди и биле пренесени во Итната медицинска помош во Кичево, каде им биле констатирани тешки телесни повреди. Од Р.У. бил одземен пиштолот и 300 куршуми, кои ги посредувал со дозвола. По целосно документирање на настанот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветни пријави.

На 27.07.2024 во 21.00 часот, полициски службеници од ОВР Скопје Николе го лишиле од слобода Д.А.(32) од Свети Николе поради сомнение за сторени кривични дела по член 216 и член 235 од Кривичниот законик. Претходно било извлечено во нечистот дом и биле пронајдени предмети со остатоци од наркотична дрога, пари и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. По целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.28.07.2024 во периодот од 23.00 до 05.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол, при што биле санкционирани 9 возачи (ТЕ-6 и ПВ-3), кои биле исклучени од сообраќај. За време на контролите биле констатирани и 19 останати прекршоци (ТЕ-7 и ПВ-12). На сите возачи-прекршители им биле изречени законски предвидените поднесоци и ќе се соочат и со заштитна мерка „забрана за управување" во времетраење од 3 до 12 месеци, зависно од процентот на присуство на алкохолот во крвта.

На 28.07.2024 во 02.40 часот во СВР Струмица било приајавено дека на локален пат помеѓу селата Добрејци и Пиперево, струмичко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу запрежно возило управувано од Б.Г.(73) од село Добрејци и патничко возило „форд фиеста" со струмички регистарски ознаки, управувано од Е.Б.(24) од село Василево, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила В.Г., а со телесни повреди се здобила Е.Б.., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Ц.(29) од Скопје и А.Т.(37) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 22.07.2024, полициски службеници од СВР Скопје ги затекнале пријавените при купопродажба на околу 500 грама марихуана. После тоа, со судска наредба, извршен е претрес во домот кај Д.Ц.во Скопје, при што е пронајдена тегла со марихуана, празни тегли со остатоци од марихуана и дигитална вага.

На 27.07.2024 во 13.45 во ОВР Гостивар, 45- годишник од гостиварско село приајвил дека бил измамен од Б.Ц. од Гостивар за сума од 1.800 евра. Според пријавеното, во февруари тој му оставил возило на поправка и му ги дал парите, а пред еден месец Б.Ц. го известил дека возилото го дал на лице во Тетово да ја заврши работата. Како што е пријавено, во телефонски разговор лицето од Тетово го известило дека возилото е поправено и откако Б.Ц. ќе му надомести за завршената работа ќе можат да си го земат. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.07.2024 во 03.20 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.С.(40) од Куманово, постапувајќи по претходни, по пријава дека извршил дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 27.10.2023 на ул.„Нико Нестор" во Струга, полициски службеници извршиле преглед над приајавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана и дробилка.

На 27.07.2024 во 23.15 часот во СВР Куманово, 36-годишна жена од Куманово пријавила дека околу 22.45 часот во дворот од нејзината куќа била физички нападната од нејзиниот поранешен сопруг Д.П.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (28.07.2024) во 01.40 часот, полициски службеници од Полициското одделение Маврово го приведе Г.Т.(46) од с.ПоБожје, општина Чучер-Сандево, затоа што на 27.07.2024 околу 20.30 часот во с.Побожје физички го нападнал С.Н.(65) од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (28.07.2024) во 01.30 часот во СВР Скопје, 28-годишна жена од скопско село приајвила дека во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот сопруг Т.Ј.(29), кој оштетил и врата на една соба. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.07.2024 во 21.50 часот во СВР Скопје, А.С.(21) од с.Петровец пријавил дека во 21.15 часот на работното место како обезбедувач во трговски центар на подрачјето на Карпош во Скопје бил физички нападнат од Ј.И.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (28.07.2024) во 02.15 часот во Полициската станица Кочани, Ф.П. од Кочани пријавил дека околу 00.30 часот тој и неговата девојка биле физички нападнати од три машки лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.07.2024 во 19.00 часот во СВР Скопје било приајавено дека во двор од куќа на подрачјето на општина Петровец, по претходно меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.П.(45) и Н.Ц.(41), двајцата од с.Петровец, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.07.2024 во 13.15 часот во Полициската станица Кратово било приајавено дека на ул. „Св.Георгиј Кратовски" во Кратово, по претходно недозволбиране околу паркиранo возило, бил нарушен јавниот ред и и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Л.(70) и Т.Л.(35), двајцата од Кратово. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.07.2024 во 22.00 часот во Полициската станица Бит Пазар било приајавено дека во домот се вратила Н.А.(16) за која на 26.07.2024 беше приајавено дека се одделачила од сојот дом.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouna: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет